РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-1888/7
23.06 2021 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

среда, 23 јуни 2021

До

**Средства за јавно информирање**

**ПРЕДМЕТ**: Соопштение за јавност

Почитувани,

Со голема благодарност за досегашната соработка, Ве молам во рамките на Вашата програма да го објавите следното:

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Општина Велес ја информира јавноста дека, второто авионско тертирање против комарци ќе го изврши на ден **26 јуни (сабота) 2021 година,** во периодот од **05:00** до **08:00** часот. Доколку временските услови не дозволуваат авионско прскање истото ќе се изврши наредниот ден, **27 јуни (недела) 2021 година.**

Границата, на третирањето е: **Езеро Младост**, с. **Отовица**, месност **Јарбош**, по течението на **Вардар** од север од с. **Башино село** низ Велес, се до вливот на реката **Бабуна** и с. **Горно Караслари**. На запад границата започнува од населбата **Превалец**, преку населбата **Керамидна** кон фабриката „**Киро Ќучук**" и с. **Горно Оризари**.

**Со третирањето ќе биде опфатено целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег. И оваа година ќе се третира рекреативниот центар Езеро Младост со непосредната околина.**

Третманот се врши со средство Ciceron 2.0 ulv, производ од Biogenesis, Belgrad Srbija, кој се разредува со растително масло, **се известуваат граѓаните, да ги покријат автомобилите или да ги измијат после спроведувањето на третирањето.**

Се известуваат пчеларите во времето на третирање и **3-4 часа потоа да ги затворат кошниците со пчели,** заради можноста од влијание на средството со кое се врши третирањето врз безбедноста на пчелните семејства.

Ве молам соопштението да го емитувате во периодот од 23.06.2021 год. (среда) до 25.06.2021 год. (петок).

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Изработил:
Контролирал
Одобрил:
Согласен:

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*